Врз основа на член 52 став 1 алинеа 33 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.35/08, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/2010), во врска со Националната програма за развој на образованието 2005-2015, Универзитетскиот Сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола, на 89-та седница одржана на ден 17.02.2011 година, го донесе следниов:

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ СТУДЕНТИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот на идентификација, поттикнување и следење на развојот на надарените и талентираните студенти.

**Член 2**

Надареноста и талентираноста претставуваат збир на особини кои на студентот му овозможува постигнување на натпросечни резултати во едно или повеќе подрачја на човековата активност, а кои се условени од високиот степен на развиеност на поедини способности, лична и поширока мотивација. Надареноста е спој на три фундаментални психолошки особини: натпросечни општи и специфични способности, мотивација и висок степен на креативност.

Според способностите, подрачја на надареноста и талентираноста се:

1. општи интелектуални способности
2. творечки (креативни) способности
3. способност за поедини наставни и научни подрачја
4. социјални и раководни способности
5. способност за поедини уметнички подрачја
6. психомоторни способности.

**Член 3**

За надарен и талентиран студент се смета студентот кој што постигнува натпросечени резултати во текот на своето студирање. Натпросечните резултати подразбираат:

- просечна оценка на студирање повисока од 9,00, остварена во рокови утврдени со Законот за високото образование, Статутот и Правилниците на Универзитетот

и барем едно од следниве достигнувања:

- меѓународни и домашни признанија и награди во наставно-образовната дејност;

- меѓународни и домашни признанија и награди во научно-истражувачка дејност;
- други резултати во наставно-образовната и научно-истражувачката дејност кои што потврдуваат висок степен на иницијативност, креативност и мотивираност и
- други резултати кои произлегуваат од натпросечни општи и специфични способности, мотивација и висок степен на креативност.

**Член 4**

Препознавањето и утврдувањето на надареноста и талентираноста претставува континуиран процес кој ги опфаќа сите студенти во текот на студиите.

**Член 5**

Препознавањето и проценката на надареноста и талентираноста ја вршат наставниците-професорите и стручните соработници, а по исклучок и други стручни лица во зависност од областите во кои што доаѓа до израз надареноста на студентите.

**Член 6**

Наставниците-професорите, стручните соработници и другите стручни лица поднесуваат образложена иницијатива во писмена форма за утврдување на надарените и талентираните студенти до Деканатската управа/Управата, односно Советот на единицата на Универзитетот.

**Член 7**

Во согласност со членот 2 од овој Правилник, Деканатската управа/Управата/Советот на единицата донесува одлука за утврдување статус на надарен и талентиран студент.

**Член 8**

Во функција на развојот на надареноста и талентираноста на студентите, Универзитетот/единицата овозможува:

1. Воспоставување активности и механизми за идентификација на надарените и талентираните студенти;
2. Работа со ментор;
3. Индивидуална работа и работа во помали групи со надарените и талентираните студенти;
4. Предвремено завршување на студиите;
5. Обезбедување комуникација и контакти со соодветни институции, организации и истакнати стручни лица од соодветната област;
6. Вклучување во научно-истражувачка дејност на единицата, односно Универзитетот;
7. Доделување награди и признанија на ниво на единици и на Универзитет;
8. Обезбедување на финансиска поддршка;
9. Обезбедување предност при аплицирање за сместување во студентски дом, а во соработка со студентските домови во рамките на Универзитетот;
10. Обезбедување на услови за престој на реномирани странски универзитети;

11. Поддршка за обезбедување на стипендии од јавни институции и стопански организации;
12. Промовирање на надарените и талентираните студенти и нивните резултати во рамките на единицата, Универзитетот и пошироката јавност;
13. Обезбедување на соодветни препораки од Универзитетот/единицата.

**Член 9**

Студентите кои имаат статус на надарени и талентирани студенти, во текот на студирањето можат дополнително да го забрзаат своето студирање и завршување на студиите, со тоа што можат да запишуваат максимум до 48 кредити во еден семестар. Ова право, надарените и талентираните студенти можат да го користат доколку немаат заостанати предмети од претходните непарни/парни семестри.

**Член 10**

Видот, начинот и критериумите за доделување награди и признанија на надарените и талентираните студенти се определува со одлука на Деканатската управа, Управата, односно Советот на единицата на Универзитетот, односно со одлука на Ректорската управа на ниво на Универзитет.

**Член 11**

Единицата води евиденција и документација за надарените и талентираните студенти.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Ректор**
**Проф. д-р Златко Жоглев**